# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**СЕПТЕМВРИ 2019**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ ГО ПОТТИКНУВА ЛИЧНИОТ И ТИМСКИОТ РАЗВОЈ НА СВОИТЕ ВРАБОТЕНИ





Со цел да се стимулира тимската работа и да се поттикне соработката помеѓу вработените во Комисијата, да се зголеми нивото на толеранција и флексибилност помеѓу членовите на тимот,  да се поттикне личниот и тимскиот развој, градењето на чувство на заедништво и припадност, но и да се разбере важноста на индивидуалниот придонес во тимското функционирање и зголемување на индивидуалната продуктивност и одговорност, на 27-ми септември Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија го организираше вториот тим билдинг настан за своите вработени.

Настанот беше реализиран како еднодневна работилница на тема „Тимска олимпијада" надвор од просториите на Комисијата, на обезбеден простор каде што вработените на Комсијата имаа можност да се посветат на целта на тренингот и градењето на својот тим. Активностите беа организирани и водени од страна на обучени фасилитатори.

Низ тренинг активностите се воведуваа алатки и техники за комуникациски вештини, во насока за унапредување на индивидуалните вештини кај секој од вработените, како и за поефикасно меѓусебно комуницирање. Исто така, тренингот им овозможи на вработените да ги запознаат лидерските вештини и одговорности и истите да ги имплементираат во тековните тимски задачи.